## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси |
| Одговорно лице и контакт информации: | Елена Димовска, раководител на одделение<br>Е-пошта: EDimovska@justice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☒НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☒Друго<br>- Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со акционен план 2021-2025;<br>- Патоказ за Владеење на правото [Област II. Борба против корупцијата, Подобласт 2. Спречување, цел а) Рамката за спречување на корупцијата е ефективна за спречување и значително намалување на појавата на корупција на сите нивоа, особено во ризичните области]. |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | / |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 17.02.2025 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (во натамошниот текст: ЗСКСИ), донесен на 17 јануари 2019 година и објавен во Службен весник на Република Македонија, бр. 12/19, се уредуваат мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката, мерките и активностите за спречување на судирот на интереси, мерките и активностите за спречување на корупцијата при вршењето работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварувањето на јавните овластувања.

За примена на мерките и активностите уредени со ЗСКСИ надлежна е Државна комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК).

Согласно член 19 став (3) од ЗСКСИ, годишните извештаи за работата на ДКСК, меѓу другото, содржат оценка на спроведувањето на ЗСКСИ, а примената на одредби од ЗСКСИ беа предмет на разгледување и оценка во рамки на четвртиот и петтиот круг на ГРЕКО евалуација, како и вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата.

Во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, наведени се состојби поврзани со примена на одредби од ЗСКСИ:

„Досегашната практика покажува дека одредени лица кои не поднеле анкетен лист или изјава за интереси, и по изрекување на прекршочна санкција не ја исполниле наведената обврска. Поради наведеното, неопходно е да се воведе дополнителен механизам за санкционирање на овие случаи, односно дефинирање на состојба на „одбивањето на пријавување на имотната состојба и интересите" од страна на лицата кои имаат ваква законска обврска и пропишување на мерки во насока на утврдување на одговорност на овие лица."[1]

Други идентификувани состојби односно проблеми во примената на ЗСКСИ се:

- Санкциите за прекршување на одредбите од ЗСКСИ не се одвратувачки;[2]
- Непредвидени санкции за прекршување на одредени одредби;[3]
- Недоволна проактивност во постапувањето на ДКСК и недоволна респонзивност на институциите по барањата/иницијативите/препораките поднесени од ДКСК;[4]
- Различно толкување за примена на одредби од други закони во постапки од надлежност на ДКСК;[5]
- Различно толкување на одредби од ЗСКСИ кои пропишуваат должности за пријавување имотна состојба и интереси;[6]
- Непрепознаени ризични области за кои со посебни закони може да се пропише обврска за пријавување имотна состојба и интереси.[7]

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување:*

Недостатоци во ЗСКСИ:

- недоволно уредени постапки од надлежност на ДКСК, вклучително и актите кои ги донесува и роковите за постапување;
- недефинирани поими;
- недостаток на санкции за прекршување на одредени одредби;
- непрецизни одредби кои се однесуваат на пријавувањето имотна состојба и интереси, вклучително и рубрики, периодичност и опфат на лица за кои може да се врши испитување на имотната состојба и интересите;

---

[1] Сектор 5.1 Политички систем, Приоритетен проблем 3 Несанкционирање на одбивањето за доставување на изјава за имотна состојба и интереси од лицата кои имаат ваква обврска;

[2] ГРЕКО четврт круг на евалуација - Извештај за евалуација, Глава III. Превенција на корупцијата во однос на членовите на Парламентот и Препорака iv) (i). Втор адендум на вториот извештај за усогласеност, параграф 25; ГРЕКО петти круг на евалуација - Извештај за евалуација, параграф 107 и Препорака ix., Втор извештај за усогласеност, параграф 59.

[3] Ibid.

[4] Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions, 2023 Communication on EU Enlargement policy, North Macedonia 2023 Report, Fight against corruption, Institutional framework, Preventive measures.

[5] Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, за 2019 година, поглавје 5.4 Искуства од примената на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси

[6] Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, за 2020 година. Извршно резиме на извештајот од спроведениот втор циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата, страница 10, предизвик во имплементација на член 52 ставови 5 и 6.

[7] Ibid.

– неприменливи одредби или одредби кои предвидуваат забрани кои не се соодветни на целите и опфатот на уредување.

## 2. Цели на предлог регулативата

Надминување на идентификувани недостатоци во ЗСКСИ кои негативно влијаат на ефикасноста во постапувањето од страна на ДКСК и почитувањето на утврдените забрани и должности.

## 3. Можни решенија (опции)

*3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

Опција 0: Причините за проблемите наведени под потточка 1.2 остануваат, а со тоа и состојбите со недоследностите во примената на ЗСКСИ и недоволното остварување на неговите цели.

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Опција 1 (регулаторна мерка): Да се донесе закон за изменување и дополнување на ЗСКСИ, во кој ќе се вградат приоритизираните добиени препораки од ГРЕКО и експертите односно организациите кои ја следат примената на ЗСКСИ, а во функција на надминување на идентификуваните недостатоци во ЗСКСИ кои негативно влијаат на ефикасноста во постапувањето од страна на ДКСК и почитувањето на утврдените забрани и должности.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите*

*4.1 Економски влијанија*

Опција 0: Непроменетата состојба може да има негативно економско влијание, поради недоследна примена на механизмите за спречување на корупцијата.

Опција 1: Позитивно влијание, поради унапредување на механизмите за спречување на корупцијата, а со тоа и на јакнење на интегритетот на субјектите во јавниот и приватниот сектор, што пак доведува до поволна инвестициска клима.

*4.2 Фискални влијанија*

Опција 0: Непроменетата состојба може да има негативно економско влијание и фискални импликации, поради недоследна примена на механизмите за спречување на корупцијата.

Опција 1: Позитивно влијание, поради унапредување на механизмите за спречување на корупцијата, со што се спречуваат дејствија или пропуштања кои предизвикуваат фискални импликации. Фискалните импликации од примената на решението се споредбено пониски од очекуваните позитивни влијанија (заштита на јавните средства и фондови).

*4.3 Социјални влијанија*

Опција 0: Непроменетата состојба може да има негативно социјално влијание, поради недоследна примена на механизмите за спречување на корупцијата, што влијае во остварувањето на правата од социјалната сфера.

Опција 1: Позитивно влијание, поради унапредување на механизмите за спречување на корупцијата, што влијае на јакнење на интегритетот на субјектите во јавниот сектор, а со тоа и позитивно влијае во остварувањето на правата од социјалната сфера.

*4.4 Влијанија врз животната средина*

Опција 0: Непроменетата состојба може да има негативно влијание врз животната средина, поради недоследна примена на механизмите за спречување на корупцијата, што ја загрозува или предизвикува штета врз животната средина и природата.

Опција 1: Позитивно влијание, поради унапредување на механизмите за спречување на корупцијата, што влијае на јакнење на интегритетот на субјектите во јавниот и приватниот сектор, а со тоа влијае позитивно и на зачувувањето и заштитата на животната средина и природата.

4.5 *Административни влијанија и трошоци*

*а) трошоци за спроведување:*

- трошоци за подготовка на подзаконски акти од надлежност на ДКСК (време и средства за административни работи);
- трошоци за адаптација и/или одржување на софтверски алатки од надлежност на ДКСК (ИТ услуги);
- незначително зголемен административен товар (време) за спроведување на одредбите кои се однесуваат на постапувањето на ДКСК (како прекршочен орган) во случај на констатиран прекршок.

*б) трошоци за почитување на регулативата:*

- незначително зголемен товар за извршување на должноста за пријавување имотна состојба и интереси на повик објавен од ДКСК;

## 5. Консултации

5.1 *Засегнати страни и начин на вклучување*

Засегнати страни: Субјекти во јавниот сектор и во приватниот сектор.
Начин на вклучување:
- Во процесот на подготовка на решението - учество во работна група (Види во Прилог 1 на овој извештај);
- Јавна консултација преку ЕНЕР и јавна расправа.
- Меѓуресорска консултација;

5.2 *Преглед на добиените и вградените мислења*

Ќе се наведат по завршувањето на јавните консултации.

5.3 *Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

Ќе се наведат по завршувањето на јавните консултации.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 *Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија*

Опција 0: Има негативни економски, социјални и индиректно негативни фискални влијанија и влијанија врз животната средина. Не предизвикува административни трошоци.

Опција 1: Има позитивни економски, социјални и фискални влијанија, како и позитивно влијание врз животната средина. Негативно влијание нема. Трошоците кои ги предизвикува се значително пониски од позитивните влијанија.

6.2 *Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

Опција 0: Непроменетата состојба може да предизвика дополнителни недоследности и недоверба во примената на ЗСКСИ, а со тоа и неостварување на предвидените цели, што може да се рефлектира во посредно негативни економски и социјални влијанија, недоволна заштита на животната средина и природата, како и загуба на јавни средства и фондови.

Опција 1: Постои ризик спроведувањето на решението во делот согласно кој е потребно адаптирање на софтверски алатки да биде отежнато, доколку не се обезбеди финансирање за ИТ услуги за адаптација и одржување на софтверските алатки и други услови за нивно непречено функционирање.

6.3 *Препорачано решение со образложение*

*Опција 1 (регулаторна мерка):* Да се донесе закон за изменување и дополнување на ЗСКСИ, во кој ќе се вградат приоритизираните добиени препораки од ГРЕКО и експертите и организациите кои ја следат примената на ЗСКСИ, а во функција на надминување на идентификувани недостатоци во ЗСКСИ

кои негативно влијаат на ефикасноста во постапувањето од страна на ДКСК и почитувањето на утврдените забрани и должности.

Опцијата има позитивни економски, социјални и фискални влијанија, позитивно влијание врз животната средина.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Нема

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Усогласување на следните акти донесени од ДКСК (во зависност од конкретните предложени одредби):

- Деловник за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата
- Правилник за формата и содржината на образецот на изјавата за имотна состојба и интереси и пријавување промена во имотната состојба и интересите;
- Правилникот за формата и содржината на прекршочниот платен налог;

Рок: 5 месеци од влегувањето во сила на предложениот закон.

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

ДКСК и другите јавни органи.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

- Усогласување на постојните обрасци и софтверски алатки,
- Информирање на лицата за кои се утврдуваат нови или променети должности/обврски.

Рок: Во текот на периодот на предвидената одложена примена (6 месеци од влегувањето во сила на предложениот закон)

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Надзорот над спроведувањето на одредбите од ЗСКСИ го врши ДКСК, за што известува со годишниот извештај за работа, особено во деловите со кои известува за:

- статистички податоци за предмети оформени, решени предмети и предмети по кои ДКСК постапува согласно со своите надлежности, со анализа;
- број на иницијативи поднесени од ДКСК до јавно обвинителство и други органи;
- информација за институциите кои не постапиле по барањата на ДКСК;
- број на предмети за кои е покрената прекршочна постапка од страна на ДКСК;
- оценка на спроведувањето на ЗСКСИ.

ДКСК годишните извештаи за работата ги доставува до Собранието на Р. С. Македонија најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година, за усвојување, а за информирање ги доставува до Претседателот на Републиката, Владата и средствата за јавно информирање.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Оценка на спроведувањето за предложеното решение ќе се изврши по пет години од примената и во согласност со Методологијата за оценка на спроведувањето на регулативата.

Предвидени индикатори:

- Намалување на бројот на констатирани прекршувања на должноста за поднесување изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК: За најмалку 40%, по 5 години од примената на предложените измени на ЗСКСИ, споредено состојбата во 2021 година;

- Зголемување на бројот на лица за кои се извршени проверки на имотната состојба и интересите: За најмалку 50%, по 2 години од примената на предложените измени на ЗСКСИ, споредено со состојбата во 2021 година;
- 60% од јавните органи поднеле до ДКСК копија од листата од евиденцијата за примените подароци, по 3 години од примената на предложените измени на ЗСКСИ;
- Поништени правни акти врз основа на одредби од ЗСКСИ: Повеќе од 0, во период од 5 години од почетокот на примената на предложените измени на ЗСКСИ;
- Подигнати обвиненија по иницијативи за кривично гонење поднесени од ДКСК: Најмалку 1, во период од 5 години од почетокот на примената на предложените измени на ЗСКСИ;
- Поведена судска постапка за конфискација на имот, по поднесено известување од ДКСК со сомневање за постоење имот чие потекло не може да се докаже дека е од законити извори: Повеќе од 0, во период од 5 години од почетокот на примената на предложените измени на ЗСКСИ;
- Дисциплински постапки завршени со изречени дисциплински санкции односно мерки по иницијативи за утврдување на одговорност поднесени од ДКСК: Најмалку 3, во период од 5 години од почетокот на примената на предложените измени на ЗСКСИ.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт - извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:** 17.02.2025

..............................................

**Државен секретар**
**Дајанчо Ефтимов**

Изготвил: Елена Димовска, раководител на одделение
Согласен: Тања Кикерекова, раководител на сектор

| НАЛОГ |
| --- |
| Овој Нацрт – извештај за проценка на влијанието на регулативата по однос на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси да се објави на ЕНЕР и на веб-локацијата на Министерството за правда.<br><br>Датум 17.02.2025 год.<br><br>Министер за правда,<br>Игор Филков |

Прилог 1

**Работна група за подготовка на**
**Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси**

* учесник кој формално не е член/заменик член на Работната група

| Име и презиме | Институција |
|---|---|
| Мимоза Киковска Стојменова, претседател (до ноември 2024 год. ) | Министерство за правда |
| Елена Димовска, заменик претседател | |
| Цвета Ристовска | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| Билјана Каракашова Шулев | |
| Софија Спасова Медарска * | |
| Ирена Брзанова (до ноември 2024 год. ) | Државна комисија за спречување на корупцијата - Секретаријат |
| Ирена Поповска | |
| Адем Чучуљ * | |
| Субхи Јакупи | Виш управен суд |
| Виолета Илиевска | |

| | |
|---|---|
| Елизабета Васкова | Управен суд |
| Александар Чичаковски | |
| Билјана Николовска Жагар | Кабинет на Заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење |
| Барда Насуфи | |
| Резарта Зулфиу | Министерство за јавна администрација |
| Мирсада Шабани | |
| Катерина Антовска | Министерство за финансии |
| Ангелина Јакимовска | |
| Станислав Василковски | Министерство за дигитална трансформација |
| Сандра Анастасовска | |
| Анета Мишевска | Управа за финансиска полиција |
| Стефан Димановски | |
| Весна Новаковиќ | Управа за јавни приходи |
| Ленче Атанасова | |

| | |
|---|---|
| Јулија Николовска | Царинска управа |
| Бобан Мирчевски | |
| проф. д-р Борче Давитковски | Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје |
| проф. д-р Драган Гоцевски | |
| Снежана Камиловска Трповска | Платформа на граѓански организации за борба против корупција |
| Данче Даниловска Бајдевска | |
| Викторија Милеска Цветаноска | |
| Анита Тополова Исајловска * (од ноември 2024 год.) | Јавно обвинителство |
| Претставници на набљудувачите на **Работната група за подготовка на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси** | |
| Светлана Црвенковска | Мисија на ОБСЕ |
| Маја Лазарова | |
| Мартина Глигорова (од јануари 2025 год.) | Делегација на Европската унија |
| Илина Мангова | Меѓународен републикански институт |
| Марија Саздевски | |

| | |
|---|---|
| Илина Гаревска | Програмска канцеларија на Совет на Европа |
| Маја Костова | |
| Лена Андерсон (до ноември 2024 година) | ЕУ Проект „Поддршка за Владеење на правото“ |
| Ералд Бежани | |
| Сашенка Граматова- Љубен | |
| Анета Арнаудовска | УСАИД Партнерство против корупција |
| Александар Стојановски | |
| Солза Ковачевска | |